# Поглавје14 Коментари на нацрт ОВЖСО и листа на воведени измени#

Ги вклучува коментарите добиени за нацрт студијата за време на периодот на објава на јавност/периодот на коментари и листа на воведени измени во финалната верзија на студијата.

**Резиме на фидбекот за време на објавта за јавност на Студијата за оценка на влијанието врз животнат асредина и социо-економските аспекти ОВЖСО**

**9$^{ти}$ март – 7$^{ми}$ јули 2012**

Овој документ ги сумира резултатите од спроведените консултации за нацрт ОВЖСО и објаснува како е одговорено на различните прашања кои се поставени.

Се одржаа серија на јавни расправи за време на периодот на објава за јавност, на различни локации долж рутата. Деталите од јавните расправи се сумирани во долната табела.

| Датум и време | Локација | Број на присутни |
|---|---|---|
| 24.04.2012 11:00 | Кратово | 23 |
| 24.04.2012 14:30 | Ранковце | 13 |
| 25.04.2012 14:30 | Куманово | 18 |
| 26.04.2012 10:00 | Крива Паланка | 26 |

Табела 1 Распоред на расправите

Јавните расправи беа организирани од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Инвеститорот, Министерството за транспорт и врски и ЈП Македонки Железници Инфраструктура Скопје.

На секоја од јавните расправи, состаноците беа структурирани како што следува:

1. Отворање – јавните расправи беа отворени од страна на Билјана Спироска, советник во Одделот за Оценка на влијанието врз животната средина во рамките на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Сите претставници од Министерството, Инвеститорот и Консултантот потоа беа претставени. Консултантот потоа кратко ја презентира студијата.

2. Презентација на студијата

Carlota Arguiaga и Татјана Тодороска ја презентираа студијата.

Целта на проектот е завршување на железничката линија меѓу Македонија и Бугарија.

Како дел од студијата беа земени во предвид две алтернативи. Едната алтернатива беше веќе трасираната железничка линија а другата алтернатива ја следи рутата на планираниот автопат на Коридор VIII. Беше спроведена мулти критериумска анализа на двете алтернативи (од технички, сообраќаен, од аспект на влијанија врз животна средина, социо-економски и финансиски аспекти) која водеше кон препорака да се избере воспоставената траса.

Студијата ги оценува можните влијанија за време на градежната и оперативната фаза вклучувајќи: културно наследство, почва, површински води, земна вода, воздух, бучава и вибрации, природа, живеалишта, флора и фауна, земја и имоти, здравје и безбедност на заедницата, тензии во заедницата, пристап и поделеност, прекин на комуналните услуги, економија, вработување, образование, ранливи групи, работна сила и квалитет на живот.

Беа презенирани мерките за ублажување, за избегнување, намалување и компензација на потенцијално негативните влијанија. Исто така беа презентирани детали од планот за менаџмент и мониторинг кој е дел од оваа студија, за градежната и оперативната фаза.

Иако имаше и други начини на кои засегнатите страни би можеле да дадат коментари на студијата (пр. преку веб страна, поднесување на пишани коментари, по телефон) коментарите беа добиени само за време на јавните расправи и не се примија други коментари.

Резиме на сите прашања поставени за време на периодот од 120 дена објава за јавност и детали за тоа како студијата ги покрива овие прашања се презенирани во долната табела.

| Датум | Извор | Прашање | Одговор | Покриено во ОВЖСО |
|---|---|---|---|---|
| 24.04.2012 | Јавна расправа: Секција 2, Кратово | Милош Димитовски од НВО Извор, ја поддржува изградбата на проектот поради значењето кое железницата ќе го има за регионот на Кратово. Поставеното прашање беше како заштитената област ќе биде компензирана ако се случат некои оштетувања на природниот споменик Куклица . | Од Carlota Arguiaga беше одговорено дека заштитената област нема да биде оштетена од страна на проектот поради растојанието од 840m меѓу железничката линија и локалитетот..<br><br>Пред старт на градежните работи ќе има експерти на терен со цел да се оцени дали ќе има потенцијално негативио влијанија предизвикани од градежните работи врз локалитетот. Ако има, во тој случај мерки за избегнување/ублажување на негативните влијанија ќе бидат предложени. Превентивните мерки се дефинирано во рамките на менаџмент и мониторинг планот.<br><br>Ако се утврди дека ќе има значително негативни влијанија кои не се оценети во студијата и не се предложени мерки тогаш работите може да бидат сопрени. Од страна на Инвеститорот, представникот Раде Секуловски одговори дека изградбата на железничката линија е далеку од локалитетот и не се очекува да се случат негативни влијанија. Ги потенцира позитивните влијанија кои изградбата на пругата ги имала врз локалитетот во минатиот период. За време на спроведените градежни работи на оваа секција од страна на ЈП МЖИ се изгради пристапен пат до | ***Во Поглавје 7 Мерки за ублажување и во Поглавје 8 менаџмент и мониторинг план за културното наследство генерално е предвидено следново:***<br><br>АРХЕОЛОШКИ ПРЕГЛЕД ПРЕД ИЗГРАДБАТА - За време нае градежни работи, и по конкретно пред било какви ископувања на земја на ненарушен терен, треба да се направи археолошки преглед за да се провери дека нема археолошки остатоци кои не се откриени / незакопаи и без контрола. Прегледот ќе го води тим на стручни археолози кои имаат валидни лиценци. Археолозите ќе бидат постојано на градилиште за да имплементираат процедура на случајни наоди.<br><br>Градежните работи не треба да започнат се додека не се обезбедат релевантните дозволи од одговорните институции, Управата за заштита на културно наследство во Министерството за Култура<br><br>Процедурата за случаен наод треба да се востанови и да се имплементира пред да почнат градежните работи. Во согласност со македонскиот закон за заштита на културното богатство и бзрањето PR 8 на ЕБРД. Во случја на неочекувано откривање на археолошки објекти Изведувачот веднаш го информира ЈПМЖИ и Министерството за Култура и ги следи нивните упатства. Градежните работи врфемено се сопираат додека да одлучат властите дали ќе се применат мерки на заштита. Изведувачот ги следи упатствата кои ги даваат властите одговорни за заштита на културното наследство.<br><br>Треба да се даде обука на работниците за културно наследство пред почеток на ископувањето за да се негува свеста кај нив за тоа како да идентификуваат артефакти и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | локалитетот кој сеуште е во функција. | за важноста од заштита на македонското културно наследство, вклучувајќи и споменици на културата и археолошпки наоѓалишта и оние кои допрва ќе се откријат.<br><br>ЈПМЖИ да ги преземе сите потребни дејствија како што му наредуваат властите одговорни за заштита на културното наследство за да се заштита било какви наоди од штета и грабежи. |
| 25.04.2012 | Јавна расправа: Секција 1, Куманово | Прашање од НВО “ДОМ“, од еден учесник кој беше вклучен претходно во спроведеното социјално мапирање за време на утврдувањето на опфатот на студијата. Ќе има влијание од бучавата, некои куќи може да паднат, не поседуваат имотни листови, нивната социјална состојба е многу лоша, така да ако има преселба вредноста на куќите ќе биде многу ниска и идејата за преселување на овие куќи не е прифатлива. | Раде Секуловски одговори дека идејата не е да се преселат или релоцираат било кои од жителите кои живеат во близина на пругата, иако куќите се наоѓаат на земја која е во сопственост на Македонски Железници, идејата е да се осигураат заштитни мерки за овие куќи, што може да вклучи и зајакнување на постојните објекти. | ***Покриено во Поглавје 7, Мерки за ублажување***<br><br>Се планира имплементација на структурни подобрувања на куќите, мерки за намалување на бучавата, и обезбедување на простор за играње и за складирање на шишиња во населбата Перо Чичо..<br><br>Ќе се испроектира сообраќајно решение за населбата Перо Чичо и подоцна ќе биде изградена со цел обезбедување на безбеден и регуларен пристап на жителите до нивните домови. (пр. надвозници).<br><br>За да се осигура безбедноста на луѓето кои живеат во близина на железницата, ќе има адекватно обележување и знаци, и за градежната и за оперативната фаза. За заштита на трети лица од електрични шокови, соодветни физички бариери и знаци ќе бидат лоцирано во непосредна близина на населбата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26.04.2012 | Јавна расправа: Секција 3, Крива Паланка | Каде може да се најдат детали за трасата на железницата со цел да луѓето проверат дали нивните имоти можеби ќе бидат предмет на експропријација поради изградбата на пругата во катастарката општина Градец? | Раде Секуловски ја објасни рутатата на трасата(беше покажана на слајд). Беше кажано дека трасата ја има и во студијата. Планот за експропријација со сите парцели кои треба да бидат експропррани е веќе подготвен и е на располагање во Општина Крива Паланка.<br><br>За информација за потенцијално афектирани имоти жителите треба да ја контактираат општина Крива Паланка за добивање на потребните информации. | ***Проектниот опис содржи бројни мапи и детали за рутата. Процесот за експропријација е објаснет во Поглавје 13, Компензациона рамка за преселување.***<br><br>Сите можни дизајни на проектот треба да се разгледаат за да се избегне или најмалку да се минимизира физичкото или економско раселување.<br><br>Акционите планови за преселување ќе се подготват од страна на соодветно квалификуван специјалист кој ќе добие зелено светло во консултации со ЕБРД за секоја делница врз основа на Студијата за Експропријација, социо економските анкети и пописот.<br><br>Погодените лица ќе добијат можност да учествуваат во преговорите за пакетите за надоместок, барањата за исполнување на условите, помош во преселувањето, поволност на предложените локации за преселба и предложениот временски распоред.<br><br>Проектот ќе биде сообразен и ќе ги имплементира RCF и придружните АПП (Акциони планови за преселување) и ќе се погрижи за тоа дека сите погодени сопственици / корисници на земјиште (вклучувајќи ги и оние кои неформално го користат земјиштето) се соодветно известени, консултирани и добиле надоместок за нивниот имот и загуби:<br><br>• Примарно преку преговарање и договарање;<br>• Со целосен заменски трошок;<br>• Дополнителна помош се дава на луѓето кои ќе се преселат за да се врати нивниот стандард на живеење на претходно ниво и понатаму да се подобрува;<br>• Луѓето коишто не ги напуштиле куќите кои биле експроприрани во текот на 2004 треба навремено да бидат посоветувани за Проектот и за ризикот од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | останување во близина на пругата за да можат да се иселат;<br>• Пред раселувањето; и<br>• Со било каква потребна дополнителна асистенција при преселување<br><br>Било какви поплаки се решаваат правоворемено со докази на формална и неформална комуникација. |
| 26.04.2012 | Јавна расправа, Секција 3, Крива Паланка | Кога се планира стартот на железничката линија? | Од страна на Инвеститорот, Билјана Здравева одговори дека во последните неколку години, интензивно е работено за да се обезбедат финансиски средства за изградба на железницата од Куманово до Бељаковце,преку соработката со ЕБОР се наоѓаме во напредна фаза на преговори за обезбедување на средства за изградба, во втората половина на оваа година. Тендерот за изградба на градежна фирма за реконструкција на оваа секција ќе биде објавен во март –април 2013, би можело да се очекува договорот да биде потпишан и потоа градежните работи ќе започнат. Се очекува градежните работи да траат 2-2.5 години. Во 2015 се очекува оваа секција да биде реконструирана. За другите две секции Бељаковце – Крива Паланка и Крива Паланка – Деве баир граница со Бугарија, во овој момент се во тек разговори со банките за ибезбедување на финансиски средства | ***Покриено во Поглавје 3, фази за предавање на проектотs*** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и средтваа на грант основа за изработка на проектна документација. Така да се очекува градежните работи за целата секција да започнат во 2013, и да завршат во 2018-2020 . | |

Сите прашања се внимателно земени во предвид од страна на проектниот тим за да се утврди дали се потребни промени во оценката на влијанијата, врз основа на коментарите и предлозите дадени од засегнатите страни. Не се предложени посебни измени во предлогот на проектот, изградбата или работењето на железницата но сепак проектниот тим будно ќе ги следи прашањата кои би произлегле во последните фази. Се заклучи дека по јавните расправи проектниопт тим немораше да ги променува своите наоди или заклучоци и Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти објавена на почеток од периодот на објава за јавност поради тоа не е корегирана.